Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 105, 1 јули 2013 година

јули 2013 година
Штип

## СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област дентална патологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област орална хирургија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 21

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научна област експлоатација на слоевити лежишта на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 39

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област палеонтологија и регионална геологија на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 45

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област географија на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 52

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област туристичика промоција на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 71

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научните области клиничка психологија и развојна психологија на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 85

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во звање асистент за научната област енергетско и процесно машинство и термотехника и термотехнички алати и постројки на Машинскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 107

**РЕФЕРАТ** за избор на еден асистент за научната област ентомологија на Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 110

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 116

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ДЕНТАЛНА ПАТОЛОГИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” – ШТИП

Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” - Штип на својата 87. седница, одржана на 25.3.2013 година, донесе Одлука (2502 – 69/21) за распишување Конкурс за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област ***дентална патологија*** на Факултетот за медицински науки. На 90. седница на Наставно-научниот совет на 20.5.2013 година донесе Одлука број 2502 – 101/30 за формирање на Рецензентска комисија и Решение број 2502 – 101/46 претседател на Комисијата, Решение број 2502 – 101/47 член на Комисијата и Решение број 2502 – 101/48 член на Комисијата, за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област *дентална патологија* на Факултетот за медицински науки во следниов состав:

- проф. д-р Славјанка Оџаклиевска, редовен професор, област дентална патологија, вработена на Стоматолошки факултет, Европски универзитет во Скопје;
- проф. д-р Славољуб Живковиќ, редовен професор, област дентална патологија, вработен на Стоматолошки факултет, Универзитет во Белград, Србија;
- проф. д-р Ана Миновска, редовен професор, област болести на уста, вработена на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

Конкурсот беше објавен во дневните весници „Дневник” и „Лајм” на 30.4.2013 година.

На Конкурсот се пријави **доцент д-р Ивона Ковачевска**, вработена на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип.

Врз основа на пријавата и доставенета документација и по нивното разгледување, Рецензентската комисија го достави следниов

# И З В Е Ш Т А Ј

***Кратка биографија:***

**Д-р Ивона Ковачевска**, насловен доцент на Стоматолошкиот факултет во Скопје и на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип, е родена на 25 јуни 1962 г. во Битола, каде што завршува основно и средно образование со одличен успех. На Стоматолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје се запишува во 1980 г. и дипломира во 1985 г., кога и ги запишува магистерските студии исто така на Стоматолошкиот факултет во Скопје. Во јуни 1989 г. се вработува на Клиниката за болести на забите и ендодонтот при Стоматолошкиот клинички центар „Св. Пантелејмон” во Скопје како клинички лекар.

Од Министерството за здравство на Република Македонија во 1992 г. добива специјализација по болести на забите и ендодонтот и со положувањето на специјалистичкиот испит во јуни 1995 г. се здобива со звање специјалист по болести на забите и ендодонтот.

Со јавната одбрана на магистерскиот труд *„Присуство на жива во плунка и дентин при едносеансна апликација на повеќе амалгамски полнења”* во јануари 1999 година се здобива со звање магистер по стоматолошки науки.

Од Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет во Скопје во 2004 година и е прифатена пријавата за изработка на докторска дисертација под наслов *„Анализа и процена на коронарната и апикална микропропустливост врз неуспехот на ендодонтската терапија”* која со успех ја одбранува во ноември 2007 година. Истата 2007 година, во декември, е промовирана во доктор по стоматолошки науки на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Во септември 2008 г. е избрана во звањето насловен доцент на Стоматолошкиот факултет во Скопје. Во септември 2011 г. се вработува на Факултетот за медицински науки - Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, кога од Наставно-

научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип е избрана во звањето насловен доцент.

Активно се служи со англиски јазик.

***Наставно - образовна дејност***

На Катедрата за болести на забите и ендодонтот при Стоматолошкиот факултет во Скопје активно учествува во наставниот процес. За првпат е избрана за помлад асистент во 1993 година и во 1996 година е реизбрана во истото звањена на предметот Болести на забите и ендодонтот. Во 2000 година е избрана во соработничкото звање асистент, а во текот на 2004 година повторно е избрана во истото звање на истиот предмет. Во септември 2008 година д-р Ивона Ковачевска се здобива со звањето насловен доцент на група предмети на Катедрата за болести на забите и ендодонтот на Стоматолошкиот факултет во Скопје. Од 1993 година до 2010 година активно учествува во наставниот процес на Катедрата, и тоа партиципирајќи во практичниот дел на наставата на групата предмети на Катедрата за болести на забите и ендодонтот: Претклиничка кариологија, Дентална патологија и терапија, односно Болести на забите и ендодонтот. Исто така, во изминатиот период учествува во вршењето на писмениот и практичниот дел на групата предмети на Катедрата.

Во 2009 година, летен семестар, го изведува теоретскиот дел од предметот Стоматолошка фармакологија на Високата школа за стручни стоматолошки сестри при Стоматолошкиот факултет во Скопје.

Како асистент од нејзиниот првичен избор, во 1993 год. па сè до денес, со особено внимание и педагошкиот пристап, д-р Ивона Ковачевска експлицитно, елоквентно и практично им ги пренесува сопствените стручни квалификации на студентите во текот на наставата. Несебично се залага и помага при изработката на научните трудови за студентските конгреси во и надвор од Македонија, за што сведочи и менторството на осум студентски теми презентирани на конгресите на студентите по стоматологија.

Во јуни 2009 година на Конгресот на студентите по стоматологија го одржува предавањето на тема „Современи техники за канална оптурација".

На Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип активно е вклучена во наставниот процес на стручните студии за забен техничар – протетичар и тоа од учебната 2009/2010 година, летен семестар, изведувајќи ја теоретската настава по предметот Стоматолошки материјали и технологија 1. Во текот на учебната 2010/2011 година, зимскиот и летниот семестар, ја реализира наставата по предметите Стоматолошки материјали и технологија 1 и Стоматолошки материјали и технологија 2.

Покрај наставните предмети Стоматолошки материјали и технологија 1 и Стоматолошки материјали и технологија 2, на стручните студии за забен техничар-протетичар, во учебната 2011/2012 година, доцент д-р Ивона Ковачевска е одговорна за наставата и по предметите Реставрациона стоматологија со фонд на часови 2+0+1 од петтиот семестар, Дентална терапија во шести семестар (2+2+1) и Фиксна протетика 4 шести семестар (2+2+1) на истата студиска програма.

Во периодот на летниот семестар 2012 година, доцент д-р Ивона Ковачевска изведува настава по предметот Клиничка кариологија 1 на Студиската програма по стоматологија, со (1+3+1) во шести семестар. Согласно со критериумите, Статутот и Правилникот на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип, со формирање на Катедрата за болести на заби и уста со пародонтологија и детска и превентивна стоматологија, доцент д-р Ивона Ковачевска е назначена за шеф на истата. Во учебната 2012/2013 година ги реализира наставните содржини по предметите Клиничка кариологија 2 (1+3+1 фонд на часови) - седми семестар, Претклиничка ендодонција (1+3+1 фонд на часови) – петти семестар, Стоматолошки материјали и опрема (2+2+1 фонд на часови) - прв семестар и Ласеротерапија во стоматологијата - 1+1+1 фонд на часови, од седми семестар, сите на Студиската програма по стоматологија. Паралелно со теоретските содржини ја реализира и практичната настава по изборниот предмет Ласеротерапијата во стоматологијата (1+1+1), седми семестар. Во моментот, летен семестар 2013 година го предава предметот Клиничка ендодонција 1 - 1+5+1, осми семестар студиска програма Стоматологија.

Во периодот од шест недели 2007/2008 год. престојува на постдокторски студиски престој на Катедра за болести на забите при Стоматолошкиот факултет во Белград, под менторство на Славољуб Живковиќ и Невенка Теодоровиќ. Притоа била активно вклучена во реализирањето на тераписките процедури кај хендикепирани пациенти под општа анестезија.

***Научноистражувачка дејност***

Д-р Ивона Ковачевска во текот на досегашната работа демонстрира подем и стремеж кон перманентно збогатување и усовршување во научната и стручната активност преку присуство и учество на бројни домашни и меѓународни манифестации, симпозиуми и конгреси.

На Првиот конгрес на стоматолозите на Македонија во 1994 година учествува со усна и постер презентација на сопствени трудови. Во 1998 година на Вториот конгрес на стоматолозите на Македонија активно учествува како автор на постер-презентација. Во текот на 1999 година учествува на Седмиот балкански конгрес во Истанбул со две постер-презентации, а во септември истата година со усна презентација активно учествува и на Конгресот на лекарите на Македонија.

Во Софија, во 2006 година, присуствува на предавањето на Бергман за канални техники на топла гутаперка оптурација. Во текот на 2000 година, д-р Ивона Ковачевска со усна презентација учествува на Осмиот балкански конгрес во Солун, презентирајќи сопствен труд. Во истата година на постедукативниот семинар за стоматологија „Ургентни состојби во стоматологијата" настапила во втората сесија, со предавањето на тема „Денталната болка - причина за ургентна стоматолошка интервенција".

Со постер-презентации, како автор и коавтор во усни презентации, активно учествува на балканските конгреси на стоматолозите одржани во Букурешт (2001), Кушадаси (2002), Охрид (2004), Сараево (2006) и Истанбул (2007). На Десеттиот конгрес на Балканската стоматолошка асоцијација одржан во Белград, 2005 година, учествува со усна презентација. Како пленарен предавач на тема „Методи за ендодонтски ретретман" учествува на Третиот конгрес на стоматолозите на Македонија. На истиот Конгрес има активно учество и преку презентација на усна тема и постер-презентација.

На стручните собири на специјалистите по болести на забите и ендодонтот организирани преку Македонско стоматолошко друштво активно учествува во стручно-научниот дел од програмата со усна презентација „Дентален амалгам или композит за реставрација на кавитетите" во Битола во 2004 год., а со темата „Техники за ортограден ендодонтски ретретман" во Охрид во 2006 година. Како специјалист по специјалноста болести на забите и ендодонтот учествува како поканет предавач со пленарна презентација на Секцијата на Здружението на специјалистите по протетика, Радовиш 2007 година: Хемисекција - ендодонтска подготовка.

Стручно-апликативните тераписки постапки во денталната медицина д-р Ивона Ковачевска ги применува не само на хуманата популација, туку и на мали животни (мачки и кучиња) во Ветеринарната болница во Скопје.

Доцент д-р Ивона Ковачевска активно учествува на конгресите на Здружението на Албанците стоматолози - Аполонија во Тетово, а преку презентација на усни теми во Струга во 2008 и 2010 година. Со пленарно излагање активно учествува на Конференцијата на стоматолозите од Косово во Приштина во 2008 година.

Ендодонтски третман - методи и техники е насловот на пленарното предавање кое го презентирала д-р Ивона Ковачевска на Првиот симпозиум со меѓународно учество „Тиквеш" - Кавадарци во октомври 2008 год.

Исто така, на Првиот симпозиум организиран од "Dentalart" во Неум во 2009 година д-р Ивона Ковачевска учествува како поканет предавач и одржува пленарно предавање за апликативните перформанси на ласерската светлина во ендодонтската тераписка процедура. Истата година учествува со усна презентација на 14. Конгрес на Балканската стоматолошка асоцијација во Варна и тоа учествува како автор и коавтор на усна презентација на Конгресот на стоматолозите од Албанија, во Тирана.

На V Конгрес на стоматолозите во Македонија со меѓународно учество, во 2009 год. кандидатката повторно активно учествува со пленарна, усна и постер-презентација. Д-р Ивона Ковачевска поминува обука на курсот за ласерите и нивната употреба во денталната медицина, поточно во специфичните процедури на дентална патологија и терапија, организиран од Фотона, во јуни 2009 година.

По повод 50-годишнината од постоењето на Стоматолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (2009 година), доцент д-р Ивона Ковачевска учествува во подготовка на книгата „Современи дострели" со поглавје „Современи технологии во реставративната стоматологија и ендодонцијата".

Своите клинички искуства ги презентира како поканет предавач при пленарното излагање под наслов „Примена на ласерот во конзервативниот третман на хроничните периодонтити" на Симпозиумот на Здружението на специјалисти по орална хирургија на Македонија во Дојран, во мај 2010 година.

Доцент д-р Ивона Ковачевска активно партиципира со постер-презентации на 16. (Букурешт, Романија - 2011 година) и 17. (Тирана, Албанија - 2012 година) Конгрес на Балканската стоматолошка асоцијација како автор и коавтор преку презентирање на стручно-апликативни содржини.

Како поканет предавач учествува на Меѓународниот симпозиум „Антимикробни средства во дентална медицина" под покровителство на Стоматолошкото здружение на Македонија, во Прилеп 2011 година со презентирање на пленарното предавање за „Антимикробни средства и нивна примена во ендодонција". Во јуни 2011 година по покана на Сојузот на жени пензионерки на Град Скопје и Детската СОС амбасада го презентира предавањето на тема „За оралното здравје и стоматолошката терапија" со што ја промовира стоматолошката тераписка дејност и стручните апликативни перформанси. Истата 2011 година учествува со пленарна презентација на Стручниот собир на специјалисти по болести на забите и ендодонтот со интернационално учество со темата „Можности за стерилизација на каналниот систем со Nd: Yag ласер. - Современи трендови во конзервативната стоматологија" во Скопје.

Кандидатката учествува и на 11. Конгрес на Бугарската стоматолошка асоцијација како автор и коавтор на постер-презентации во Бургас, 2011 година.

На 6. Конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество, во мај 2012 година, доцент Ковачевска како пленарен предавач ја презентира темата „Тераписки модалитети на хиперсензитивни заби". Во декември истата година со пленарно излагање активно учествува на Првиот научно-стручен собир на Факултетот за медицински науки во Штип (21.12.2012 година).

Рецензент е во комисии за избор на соработници (помлади асистенти - 2 и предавачи на стручните студии за забен техничар-протетичар - 2).

Доцент д-р Ивона Ковачевска учествува како истражувач во два научноистражувачки проекти финансирани од Министерството за образование и наука на Република Македонија и тоа:

- *„Фибринолитичката активност на крвта при оралнохируршки интервенции"* под раководство на проф. д-р Стојанка Костовска, како главен истражувач во период од 2000 до 2003 година.
- *„Корелација помеѓу оралната хигиена, Ph на плунката и денталниот плак во фреквенцијата на кариесот и негова контрола преку современи превентивни мерки (кај различна популација, Македонија и Грција)*", под раководство на асис. д-р Соња Апостолска, како главен истражувач, проект со меѓународно учество, во периодот од 2006 - 2009 год.

Рецензент е на три електронски скрипти од областа на стоматологијата на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип.

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

За заслугите во здравствената дејност, како член на Македонското лекарско друштво е наградена со благодарница и диплома. По повод 30-годишнината и 50-годишнината од постоењето на Стоматолошкиот факултет во Скопје доделени ѝ се благодарница и пофалница.

Кандидатката доц. д-р Ивона Ковачевска завршува и стручно-едукативни курсеви: Апликација на композитни смоли (Истанбул, 2001 година), Техники на машинска обработка и топлотна канална обтурација - Јан Бергенс (Софија, ноември 2006 година), Фотона - Примена на ласерите во стоматологијата (јуни 2009 година, Скопје), Фотона - дентални ласери (март 2012 година, Љубљана), Канални цементи и композитни колчиња (јуни 2012 година, Куманово).

Во периодот од 2007 до 2011 година е член во Извршниот комитет на Синдикалната организација на здравствени работници при Клинички центри, делегирана од Клиниката за болести на забите и ендодонтот при ЈЗУ Универзитетски стоматолошки клинички центар „Св. Пантелејмон" во Скопје.

Со цел промовирање на современите стоматолошки тераписки процедури и ласер технологии учествува во емисијата „Журнал" на Сител телевизија, програма од отворен тип, во живо (јули 2009 година).

Доцент д-р Ивона Ковачевска е член на Стручната комисија при Здружението на стоматолози на Македонија, а од 2011 година е актуелен член на Собранието при Македонското стоматолошко друштво. Членува во Балканската стоматолошка асоцијација.

Во моментот работи како доцент на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип и е шеф на Катедрата за болести на забите и устата со пародонтологија и детска и превентивна стоматологија.

Со Одлука за прифаќање на позитивната рецензија од страна на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип, 2012 година, доцент д-р Ивона Ковачевска е автор на електронска скрипта со наслов „Стоматолошки материјали и техологија", која во моментот е во постапка на поставување на веб-страницата на Универзитетот.

Во текот на стручно-научното еволуирање во кариерата, кандидатката доцент д-р Ивона Ковачевска активно учествува на многу домашни и меѓународни конгреси, симпозиуми и едукативни манифестации за што сведочат и приложените рецензирани трудови, како и оние за натамошна рецензија.

Научно-стручниот опус на доцент д-р Ивона Ковачевска опфаќа преку 120 трудови презентирани и публицирани во домашни и меѓународни списанија и манифестации. Трудовите од реден број 1 до 64 се рецензирани во билтените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" – Скопје, и тоа во Билтен бр. 587 од 1993 година - избор на помлад асистент, Билтен бр. 668 од 1996 година повторен избор во помлад асистент, Билтен бр. 758 од 2000 година - избор на асистент, Билтен бр. 847 (година – втор избор во звање асистент и Билтен бр. 944 од 2008 г. – избор во звање насловен доцент. Трудовите од реден број 65 до 88 се рецензирани во Билтен бр. 62 на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип при избор на насловен доцент/доцент во 2011 година.

***Список на трудови***

1. Георгиев З., Цветковски П., Нечева Љ., Оровчанец Н., Сотировска А., ***Ковачевска И***. Промени во пулпата на млечните заби во фаза на ресорпција. Макед. стоматол. прегл. 1992; 16 (1): 23 – 9 (рецензирано: Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" бр. 586). печатен
2. ***Ковачевска И***., Оџаклиевска С., Поповска Л., Георгиев З., Можности за дијагностика на апроксимални кариозни лезии. Макед. стоматол. прегл. 1994; 18 (1-2): 51 – 53 (рецензирано: Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" бр. 668). печатен
3. Оџаклиевска С., Каранфиловска А., Поповска Л., Кипровски М., ***Ковачевска И***. Антимикробен ефект на апекситот. Макед. стоматол. прегл. 1994; 18 (1-2): 43 – 45. (рецензирано: Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" бр. 668). печатен
4. ***Ковачевска И***., Стевановиќ М., Поповска Л., Георгиев З., Примена на лајнерите во конзервативната терапија. *I Конгрес на стоматолозите од Македонија (апстракти), Здружение на стоматолозите од Македонија, Охрид, 1994; 166*. (рецензирано: Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" бр. 668). усна
5. ***Ковачевска И***., Оџаклиевска С., Поповска Л., Георгиев З.Влијание на различни антисептици врз микробната флора во инфициран коренски канал. *I Конгрес на*

*стоматолозите од Македонија (апстракти), Здружение на стоматолозите од Македонија, Охрид, 1994; 173*. (рецензирано: Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" бр. 668). постер

6. Оџаклиевска С., Поповска Л., ***Ковачевска И***., Кандикјан П. Карактеристики на плунката кај пациенти со високофреквентен кариес. *I Конгрес на стоматолозите од Македонија (апстракти), Здружение на стоматолозите од Македонија, Охрид, 1994; 55*. (рецензирано: Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" бр. 668). постер
7. Георгиев З., Бајрактарова Б., ***Ковачевска И***., Стефанов Р.Пулпини калцификации кај млечните заби во фаза на ресорпција. *I Конгрес на стоматолозите од Македонија (апстракти), Здружение на стоматолозите од Македонија, Охрид, 1994; 2*. (рецензирано: Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" бр. 668). усна
8. Георгиев З., Царчев М., ***Ковачевска И***., Нечева Љ. Радикуларна дентална ресорпција. Макед. стоматол. прегл. 1994; 18 (3-4): 144 – 7 (рецензирано:Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" бр. 668). печат
9. Georgiev Z. Bajraktarova B, Sotirovska Ivkovska A, ***Kovacevska I***, Jovanovska M. Hypothyroidism and hypodontism*2 Congress of theBalkan Stomatological Society (Abs.), Belgrade 1997; 66*. (рецензирано: Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" бр. 731). постер
10. Георгиев З., Бајрактарова Б., Сотировска А., Богданова М., ***Ковачевска И***., Димовска Ц. Компаративна студија на ензимскиот потенцијал на пулпата кај млечни и трајни заби. *ll Конгрес на стоматолозите од Македонија (апстракти, Здружение на стоматолозите од Македонија, Охрид, 1998; 14*. (рецензирано: Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" бр. 731). усна
11. Cekovska S, Brezovska-Kavrakova J, Dzekova-Stojkova S, Georgiev Z, ***Kovacevska I.*** Collagenase activity in healthy human dental pulp. *Balkan Journal of Clinical Laboratory 1998; 5(2):58-59* (рецензирано: Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" бр. 749). печатен
12. ***Ковачевска И***., Атанасова Б., Стефанова-Балабанова М., Димитрова М., Георгиев З., Димова Ц. Влијание на амалгамските реставрации врз клиничката евалуација на оралните лихен - лезии. *ll Конгрес на стоматолозите од Македонија (апстракти), Здружение на стоматолозите од Македонија, Охрид, 1998; 142*. (рецензирано: Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" бр. 758). постер
13. Матовска Љ., ***Ковачевска И***., Димитрова М., Хаџи-Николова Д.Оклузален статус кај екстензивни амалгамски полнења. *ll Конгрес на стоматолозите од Македонија (апстракти), Здружение на стоматолозите од Македонија, Охрид, 1998; 133*. (рецензирано: Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" бр. 758). постер
14. Димова Ц., Јанев Ј., Георгиев З., ***Ковачевска И***., Аџаип Д. Критериуми за оралнохируршки интервенции во детската возраст. *ll Конгрес на стоматолозите од Македонија (апстракти), Здружение на стоматолозите од Македонија, Охрид, 1998; 155*. (рецензирано: Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" бр. 758). постер
15. ***Ковачевска И***. Присуство на жива во плунка и дентин при едносеансна апликација на повеќе амалгамски полнења. Магистерски труд. Стоматолошки факултет, Скопје, 1999 год.
16. ***Kovacevska I***, Georgiev Z, Dimova C, Jovanovski S, Popovska L. Measuring of released mercury from amalgam fillings before and chewing. *IV Congress of the Balkan Stomatological Society, (Abstracts), Istanbul 1999, 295* (рецензирано: Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" бр. 758). постер
17. Georgiev Z, Bajraktarova B, Sotirovska-Ivkovska A, ***Kovacevska I***, Dimova C. Collagenase activity in human dental pulp. *IV Congress of the Balkan Stomatological Society, (Abstracts), Istanbul 1999, 303*. . (рецензирано:Билтен на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" бр. 758). постер
18. Popovska L, Cekovska Z, Panovski N, Dimova C, ***Kovacevska I***. Microbiological finding in teeth with chronical periapical pathosis. *lV Congress of the Balkan Stomatological Society,*

*(Abstracts), Istanbul 1999, 306*. (рецензирано:Билтен на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" бр. 758). усна

19. Dimova C, Janev J, ***Kovacevska I***, Popovska L. Alternatives of surgicaltreatment in the circumstances of fractured roots.*lV Congress of the Balkan Stomatological Socirty, (Abstracts), Istanbul 1999, 190*. (рецензирано:Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" бр. 758). постер
20. Димова Ц., Јанев Ј., Георгиев З., ***Ковачевска И***., Поповска Л. Орално хируршки третман на хронични периапикални пародонтити. Макед. мед. прегл. 1999; 53: (супл. 39): 150 (рецензирано: Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" бр. 758). усна
21. ***Ковачевска И***., Стевановиќ М., Георгиев З., Димова Ц. Концентрација на жива во плунка по едносеансна апликација на повеќе амалгамски полнења. Макед. мед. прегл. 1999; 53: (супл. 39): 154 (рецензирано: Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" бр. 758).усна
22. ***Kovacevska I,*** Georgiev Z, Filipovska V, Dimova C, Jovanovski S. Composite resin-amalgam compound restorations. *5th Congress of the Balkan Stomatological Society, (Abs.), Thessaloniki, 2000; 38 -9* (рецензирано: Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" бр. 847). усна
23. Jovanovski S., Petkova E., Sabanov E., ***Kovacevska I.*** Prostetic treatment of the defects of the palate and alveolar crest. *5th Congress of the Balkan Stomatological Society, (Abs.), Thessaloniki, 2000; 204* (рецензирано: Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" бр. 847). постер
24. Georgiev Z, ***Kovacevska I***, Sotirovska-Ivkovska A, Cekovska S, Bogdanova M. Enzymatic pulp research of deciduous teeth in the phase of resorption. *FDI Paris 2000 Congress Abstracts*. *International Dental Journal 2000; 50(6):345 (supp),* (рецензирано: Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" бр. 846). постер
25. ***Kovacevska I***, Stefanovic M, Odzaklievska S, Dimova C. Endodontic preparation of the molars for their hemisection. *6th Congress of the Balkan Stomatological Society, (Abs.), Bucharest, 2001; 122* (рецензирано: Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" бр. 847). постер
26. Odzaklievska S, ***Kovacevska I***, Maleska V, Aleksova P, Georgiev Z. Prostaglandin $E_2$ level in a stage of acute inflammatory pulpal reaction. *8th International congress of TDA (Book of abstract) Istanbul 2001, 218-19* (рецензирано: Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" бр. 847). постер
27. ***Ковачевска И***. Денталната болка причина за ургентна стоматолошка интервенција. Макед. стоматол. прегл. 2001; 25 (1-4): 39 – 43 (рецензирано: Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" бр. 847). печатен
28. Dimova C, Kostovska C, ***Kovacevska I***, Georgiev Z, Popovska L. Evaluation of the fibrinolytic capacity in the preoperative oral surgical period through the test of venostasis. *7th Congress of the balcan stomatological society, (abstracts), Kusadasi 2002, 91* (рецензирано: Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" бр. 847). усна
29. Georgiev Z, Petruševska G, ***Kovacevska I***, Sotirovska-Ivkovska A, Dimova C. Hystological changes of the nerve fibers in the pulp of deciduous teeth in the phase of resorption. *7th Congress of the balcan stomatological society, (abstracts), Kusadasi 2002, 235* (рецензирано: Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" бр. 846). постер
30. ***Kovacevska I***, Petrovska M, Georgiev Z, Dimova C, Kurchik B, Spasenovski T. The use of calcium hydrohide guttapercha point in the therapy of infected root canals. *7th Congress of the balcan stomatological society, (abstracts), Kusadasi 2002, 221* (рецензирано: Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" бр. 847). постер
31. Георгиев З., Петрушевска Г., Сотировска-Ивковска А., ***Ковачевска И***., Бајрактарова – Мишевска Ц., Амбаркова В. Биолошки карактеристики на пулпата на млечните заби. *lll Конгрес на стоматолозите од Македонија (апстракти): Здружение на стоматолозите од Македонија, Охрид, 2002; 72*. (рецензирано: Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" бр. 846). усна
32. ***Ковачевска И***., Петровска М., Оџаклиевска С., Георгиев З., Спасеновски Т. Бактериостатски ефект на калциум-хидроксид гутаперка штифтови (Roeko). *lll Конгрес*

*на стоматолозите од Македонија (апстракти): Здружение на стоматолозите од Македонија, Охрид, 2002; 152*. (рецензирано: Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" бр. 847). постер

33. Јовановски С.,Сотировиќ М., Гетов К., Бојаџиевска Л., ***Ковачевска И***., Поповска Л. Конзервативно-протетички зафати на заби со фиксни конструкции. *lll Конгрес на стоматолозите од Македонија (апстракти): Здружение на стоматолозите од Македонија, Охрид, 2002; 198*. (рецензирано: Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" бр. 847).усна
34. ***Ковачевска И***., Георгиев З., Димова Ц., Дејаноска Т. Тераписки пристап при ургентни стоматолошки состојби. Макед. мед. прегл. 2003; 56: (супл. 54): 107. (рецензирано: Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" бр. 847). усно
35. Георгиев З., Сотировска-Ивковска А., ***Ковачевска И***. Ургентна терапија кај денталните повреди. Макед. мед. прегл. 2003; 56: (супл. 54): 109 (рецензирано: Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" бр. 852). усно
36. ***Kovacevska I***., Odzaklievska S., Dimova C., Ristoski T., Georgiev Z. Coronal microleakage of two root canal sealers: an *in vitro* examination *9 th Congres of BaSS* Ohrid 2004; (abstracts): 140. (рецензирано:Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" бр. 944). постер
37. Dimova C., ***Kovacevska I***. Root end resection and retrograde filling associated with apical permeability of dentin and microleakage *9 th Congres of BaSS* Ohrid 2004; (abstracts):61. (рецензирано: Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" бр. 944). усна
38. Georgiev Z., Petrusevska G., ***Kovacevska I***., Sotirovska-Ivkovska A., Ambarkova V., Georgiev K. Blood veesels in primary dental pulp in the phase of physiological resorption *9 th Congres of BaSS* Ohrid 2004; (abstracts): 264. (рецензирано:Билтен на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" бр. 863). постер
39. Georgiev Z., ***Kovacevska I***., Sotirovska-Ivkovska A., Bogdanova M., Dimova C., Bajraktarova-Misevska C. Enzymatic activity in healthy deciduous dental pulp *9 th Congres of BaSS* Ohrid 2004; (abstracts): 264.(рецензирано:Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" бр. 863). усна
40. Димова Ц., Костовска Ц., ***Ковачевска И***. Влијание на забната екстракција како стресоген фактор врз фибринолитичкиот одговор на крвта. Макед. стоматол. прегл. 2004; (1-4):09-16. (рецензирано: Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" бр. 944). печатен
41. Dimova C., Kostovska S., ***Kovacevska I***., Dejanova V. Dental surgery in patients treated with oral anticoagulants Pathophysiology of Haemostasis and Thrombosis, *18 th International Congress on Thrombosis*, Ljubljana Slovenia, June 20-24 2004;87. (рецензирано:Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" бр. 944). постер
42. ***Ковачевска И***., Оџаклиева С., Димова Ц. Тестирање на оптурационите способности на два цемента за канално запечатување. Макед. стоматол. прегл. 2004; (1-4): 66-71 (рецензирано: Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" бр. 944).печатен
43. **Ковачевска И**. Амалгамски и композитни реставрации за кавитетите. Здружение на специјалисти по болести на забите и ендодонтот. Битола, ноември 2004.
44. ***Kovacevska I***., Odzaklievska S., Ristoski T. An *in vitro* dye leakage study: comparing conventional single cone and thermafil techniques*10th Congress of BaSS*, Belgrade, 2005; (abstracts): 22-23. (рецензирано:Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" бр. 944).усна
45. Georgiev Z, ***Kovacevska I***, Zabokova-Bilbilovska E, Mladenovic L, Georgiev K. Enzymatic activity of young dental pulp *10th Congress of BaSS*, Belgrade, 2005; (abstracts): 28.(рецензирано:Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" бр. 863).усна
46. Georgiev Z., ***Kovacevska I***., Bogdanova M. Dimova C. Deciduous dental pulp – enzymatic activity *Balk J Stom, 2005*, 9(2):182-86. (рецензирано:Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" бр. 863).усна
47. Апостолска С., Оџаклиевска С., ***Ковачевска И***., Ренцова В.,. Ристоски Т. Оклузална и цервикална микропропустливост кај композитни инлеи ll класа цементирани со два различни материјали. Макед. стоматол. прегл. 2005; (3-4): 189-193 (рецензирано: Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" бр. 912.).печатен

48. Georgiev Z., ***Kovacevska I.,*** Dimova C., Georgiev K. Cementum-like tissue deposition on pulp chamber in human primary teeth prior to shedding *11th Congress of BaSS*, Sarajevo,2006; (abstracts): 48. (рецензирано:Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" бр. 944.). постер
49. Dimova C., ***Kovacevska I.,*** Georgiev Z., Andonovska B. Comparison of quality of life after apicoectomy using two different techniques *11th Congress of BaSS*, Sarajevo,2006; (abstracts): 65.(рецензирано:Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" бр. 944.). постер
50. ***Kovacevska I.***, Dimova C., Petrevska M., Odzaklievska S. Bacterijal penetration of root-filled teeth coronally sealed with permanent and temporary fillings: *in vitro* study *11th Congress of BaSS*, Sarajevo,2006; (abstracts): 101.(рецензирано:Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" бр. 944.). постер
51. Ristoski T., ***Kovacevska I***., Georgiev Z., Apostolska S. The effect of root canal preparation on coronal leakage in endodotically treated teeth: *in vitro* examination *11th Congress of BaSS*, Sarajevo, 2006; (abstracts): 102. (рецензирано:Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" бр. 944.). постер
52. Таири Д., ***Ковачевска И***., Димова Ц., Алиу С. Ендодонтски ретретман на GC Fuji 1 цемент; in vitro испитување. *International Congress of Apolonia "Dentistry today"* Struga, 2006; (Abs.): 130. (рецензирано:Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" бр. 944.). усна
53. ***Ковачевска И***., Димова Ц., Поповска Л. Методи за ендодонтски ретретман. *IV Конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество, Охрид, 2006; (аПстракт): 9*. (рецензирано: Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" бр. 944.). пленарна
54. Димова Ц., Костовска С., ***Ковачевска И.*** Безбеден оралнохирушки третман кај пациенти со орална антикоагулантна терапија. *IV Конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество, Охрид, 2006; (апстракт): 8*.(рецензирано:Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" бр. 944.).пленарна
55. Апостолска С., Ренџова В., Оџаклиевска С., Ефтимовска М., Муратовска И., ***Ковачевска И***. Превентивни и ресталративни тераписки мерки на некариозните лезии-ерозии. *IV Конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество, Охрид, 2006; (апстракт): 17*. (рецензирано:Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" бр. 912.). усна
56. Димова Ц., Пројевска Д., ***Ковачевска И***., Антов С., Георгиев З., Андоновска Б. Современ стоматолошки концепт при ендокардити кај возрасни и кај деца. *IV Конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество, Охрид, 2006; (апстракт): 17*. (рецензирано:Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" бр. 944.). усна
